МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
**СЕКТОР ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ**
**И КОМУНАЛНИ РАБОТИ**

Број:11 – 7190/2
Датум: 02.12.2021
Скопје

ЗАПИСНИК ЗА КОНСТАТАЦИЈА

Комисијата за следење на состојбите на извршување на работите за поставување на подземни инсталации на Општина Карпош на ден 25.11.2021 година изврши увид на лице место на ул./ бр./ м.в.Шамак, н.м. Бардовци , по барање на Инвеститорот "ЕВН – Македонија" Оддел КЕЦ – Ѓорче Петров, Скопје кој треба да изврши полагање на кабел NAY2Y-J 4x240мм2 ,заради реализација на приклучок за објект за баратeл Мехмет Бурак Евџилер.

Од увидот на лице место констатирано е дека за реализација на барањето според техничкото решение за овој предмет, ЕВН Македонија предвидува да положи кабел NAY2Y-J 4x240мм2.Трасата за новата електрична инсталација започнува со поврзување со спојка со постоечки кабел кој што од постоечки столб се спушта и се извлекува од постоечка цевка која што е под улица и продолжува по земјена подлога подолжно покрај улица се до нов кабелски разводен ормар КРО Ф4 и нов мерен ормар МРО лоцирани пред оградата на објектот на барателот.

Трасата на ровот за подземниот вод е со вкупна должина од 50 метри, а кои припагаат на јавна површина при Општина Карпош.

На име на надоместок за изведување на подземни инсталации по јавни површини согласно Одлуката бр.07-6723/6 од 03.10.2014 година на Советот на Општина Карпош за утврдување на номинирана цена за градежно – земјани работи за изведба на прекопи за подземни инсталации, се задолжува Инвеститорот да уплати износ од 7.380 денари со вклучено ДДВ.

На Инвеститорот – Изведувач дадени му се насоки за начинот на изведување на сите градежно земјани работи за положување на подземниот електричен вод како и обезбедување на трасата за безбедност на минувачите со сите потребни означувања.Подлогата по положување на електричните кабли да се врати во првобитна состојба со истите материјали како и претходните.Тампонот од ровот во делот од земјена подлога да се набие во слоеви .

По завршување на сите градежни работи околу изведувањето на електричниот подземен вод, Комисијата ќе изврши повторен увид со цел да утврди дали квалитетно се завршени работите и дали е подлогата вратена во првобитна состојба.

Комисија за следење на
состојбите на извршување на работите
за поставување на подземни инсталации

Наташа Иванова

Ивана Стојановски

Тома Мандилоски

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 023055 -903, факс: 3062-925*
*www.karpos.gov.mk*